Одделот за граѓански дела при Врховниот суд на Република Македонија, расправајќи по правните прашања од интерес за единствена примена на правото и воедначување на судската практика во врска со примена на Законот за парнична постапка („Службен весник на Република Македонија“.бр79/05, бр.110/08, бр.83/09, бр116/10), на седница одржана на ден 23.02.2015 година, ги донесе следните:

## З А К Л У Ч О Ц И

### I

**Доставата на писмена до тужителот кој бил лишен од слобода, односно бил во притвор, треба да се врши исклучиво преку Управата на затворот во кој се наоѓа тужителот.**

### II

**Постоење на повратница во списите за извршена достава на писмено на правно лице, како препорачана поштанска пратка за која приемот е потврден со потпис, а без печат на приемачот, ако таков поседува, претставува доказ дека постои уредна достава на писменото, се додека приемачот на писменото не го докаже спротивното, по барање за враќање во поранешна состојба или некоја друга постапка.**

### III

**Не се смета дека правно лице е уредно поканeто на рочиште за главна расправа, ако судскиот доставувач на повратницата само констатирал дека лицето овластено за примање на поканата одбил да ја прими, а притоа не ја оставил во канцеларијата на правното лице.**

**ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ ДЕЛА**